Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.280/20 и 33/21), издадена на Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт-импорт, Скопје, во Прилогот во точката 1 зборовите “ул. Мирослав Крлежа бр.64 Скопје-Центар” се заменуваат со зборовите “Булевар “8-ми Септември” бр.13 локал 5 Скопје-Карпош”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДООЕЛ експорт-импорт, Скопје, со седиште на Булевар “8-ми Септември” бр.13 локал 5 Скопје-Карпош (во натамошниот текст: Друштво), на 11 април 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-89/22 од 11 април 2022 година, за настанати промени во седиштето на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Мирослав Крлежа бр.64 Скопје-Центар” во “Булевар “8-ми Септември” бр.13 локал 5 Скопје-Карпош”.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-ххх/х од 21 април 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 април 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДООЕЛ експорт-импорт, Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-89/22**
**21 април 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**